Тип на документ:
Подзаконски акт
Број на Службен весник:
165/2011
Датум на објавување:
29.11.11

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА

Врз основа на член 20 став (6) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија" бр. 50/2010, 162/2010 и 157/2011), министерот за информатичко општество и администрација донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И ОБРАЗЕЦОТ НА УВЕРЕНИЕТО ЗА ПОЛОЖЕН СТРУЧЕН ИСПИТ, ОДНОСНО ЗА ПОЛОЖЕН ИСПИТ ЗА ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊЕТО ЗА ИНСПЕКТОР

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и образецот на уверението за положен стручен испит за инспектор, односно за положен испит за проверка на знаењето за инспектор.

## Член 2

Уверението за положен стручен испит, односно за положен испит за проверка на знаењето за инспектор е дадено на образец на бела хартија во А-4 формат.

## Член 3

Образецот на уверението од членот 2 од овој правилник содржи: Грб на Република Македонија и текстот: „Република Македонија, назив на органот надлежен за издавање на уверението", законскиот основ за издавање на уверението, назив на уверението за положен стручен испит за инспектор, односно положен испит за проверка на знаењето за инспектор, име и презиме на лицето на кое му се издава уверението, единствениот матичен број на граѓанинот, датум и место на раѓање, општина, држава, датум кога е положен стручниот испит за инспектор, односно испитот за проверка на знаењето за инспектор, со какво уверение се стекнува именуваниот/та, и констатација дека уверението е ослободено од плаќање административни такси, број и датум на издавање, место за потпис на министерот и печат.

Образецот на уверението од став 1 на овој член е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

## Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр.18-4308/1 | Министер за информатичко |
| 22 ноември 2011 година | општество и администрација, |
| Скопје | м-р **Иво Ивановски** , с.р. |

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

______________________________________

(Назив на органот)

Врз основа на член 20 став (5) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/10, 162/2010 и 157/2011) министерот за ____________ издава:

УВЕРЕНИЕ

За положен стручен испит за инспектор

На ______________________________________________ со ЕМБГ _______________
роден-а на ______________________________ во ______________________, општина __________________ држава _________________________, на ден _________________ пред Комисијата за полагање на стручен испит, за инспектор, го положи стручниот испит за инспектор.

Именуваниот-та се стекнува со уверение за положен стручен испит за инспектор

Ова уверение е ослободено од плаќање на административни такси согласно со член 15 став 1 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/2001, 24/2003, 19/2004, 61/2004, 95/2005, 70/2006, 92/2007, 88/2008, 130/2008 и 6/2010).

Број _______________________

Датум ____________________________________

МИНИСТЕР,

_____________________

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

______________________________

(назив на органот)

Врз основа на член 20 став (5) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/10) министерот за ____________ издава:

УВЕРЕНИЕ

За положен испит за проверка на знаењето за инспектор

На ______________________________________________ со ЕМБГ ______________ роден-а на ____________________________ во _____________________, општина _________________ држава _______________________, на ден ________________ пред Комисијата за полагање на испит за проверка на знаењето за инспектор , го положи испитот за проверка на знаењето за инспектор.

Именуваниот-та се стекнува со уверение за положен испит за проверка на знаењето за инспектор.

Ова уверение е ослободено од плаќање на административни такси согласно со член 15 став 1 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/2001, 24/2003, 19/2004, 61/2004, 95/2005, 70/2006, 92/2007, 88/2008, 130/2008 и 6/2010).

Број ______________________

Датум ________________________________

МИНИСТЕР,

____________________

Датум на важност _________